# Универзитетски гласник

*Издавач*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
м-р Марија Маневска, генерален секретар

*Лектор*
Весна Илиевска Цветановска

*Техничко уредување*
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска

## ОДЛУКА
**за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Земјоделски институт – Скопје**

Врз основа на член 2, став 1 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) и член 50, став 1, точка 13 од Статутот на Земјоделскиот институтот во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 452/2019), Научниот совет на Земјоделскиот институт, на 139. седница одржана на 15.2.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Земјоделски институт – Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Земјоделски институт – Скопје (во понатамошниот текст: Одлука), се утврдуваат платите, надоместоците и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Земјоделскиот институт (во понатамошниот текст: Институтот), како и на лицата кои вршат определени активности поврзани со остварувањето на научноистражувачката и наставната дејност на Институтот.

**Член 2**

Вработениот има право на платата согласно со закон, Колективниот договор, актот за вработување, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст: Правилник) и оваа Одлука.

Покрај платата, вработениот има право и на надоместок на плата, надоместок на трошоци поврзани со работата и надоместок за вршење на дополнителни работни задачи кои не спаѓаат во редовни обврски согласно со закон, Колективниот договор, Правилникот на Универзитетот и оваа Одлука.

**Член 3**

Платата на вработените во Институтот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ.

Платата, придонесите, даноците и надоместоците на вработениот ги исплатува Институтот.

Платата, придонесите, даноците и надоместоците на вработените се исплаќаат од:

– средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија;
– средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и од средствата стекнати од други извори (кумулативно);
– средствата стекнати од други извори.

**Член 4**

Институтот е должен да води евиденција за платите, додатоците и надоместоците на платите, како и на исплатените придонеси и додатоци од плата, а на работникот да му издаде пресметковна листа за исплатена плата.

## II. ПЛАТА

**Член 5**

Платата на вработениот се состои од:

1. Основна компонента на плата, која се состои од:
   - основна бруто плата, и
   - дел од плата за работен стаж.
2. Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
   - дел од плата за работна успешност, и
   - додатоци и/надоместоци.

### *1. Основна компонента на плата*

**Член 6**

Основната компонента на плата се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

**Член 7**

Основната бруто плата се утврдува така што основната вредност на коефициентот се множи со коефициентот на сложеност на работното место на кое работникот е распореден.

Основната вредност на коефицентот и коефициентите на сложеност на работните места се утврдени со Колективниот договор за високо

образование и наука (во понатамошниот текст: Колективен договор).

Институтот има право од сопствени средства да исплаќа повисока основна компонента на плата од онаа утврдена со Колективниот договор.

**Член 8**

Делот од плата за работен стаж се вреднува во износ од 0,5 % од основната бруто плата, за секоја навршена година, а најмногу до 20 %.

**Член 9**

Работните места, односно работните задачи на Институтот се групираат во следниве групи на сложеност:

**Наставен кадар**

**Категорија А – наставно-научни и научни звања**

**Наставно-научни звања:**

- ниво А1 – редовен професор;
- ниво А2 – вонреден професор;
- ниво А3 – доцент.

**Научни звања:**

- ниво А1 – научен советник;
- ниво А2 – виш научен соработник;
- ниво А3 – научен соработник.

**Категорија В – соработнички звања**

- ниво В1 – асистент;
- иво В1 – асистент истражувач.

**Категорија Г – друг соработнички кадар во високото образование**

- ниво Г1 – виш лаборант;
- ниво Г3 – лаборант.

**Ненаставен кадар**

**Категорија А**

- ниво А2 – секретар на Институтот.

**Категорија Б**

- ниво Б4 – раководител на одделение.

**Категорија В**

- ниво В1 – советник;
- ниво В2 – виш соработник;
- ниво В4 – помлад соработник.

**Категорија Г**

- ниво Г1 – самостоен референт;
- ниво Г4 – референт.

Доколку на работното место за кое е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи работник со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според коефициентот на сложеност утврден за работното место.

**Мерила и критериуми за остварување на основна бруто плата**

**Член 10**

Вработениот, за да стекне основна бруто плата, должен е во текот на 40-часовната работна недела да ги извршува работните обврски и задачи што му се утврдени во актот за систематизација на работните места на Институтот.

Извршувањето на задачите треба да биде редовно, без отсуствување, навремено, целосно и точно.

**Член 11**

Платата на вработениот се определува врз основа на коефициентот на сложеност за секое работно место за работа за полно работно време.

Платата на работникот не смее да биде во понизок износ од утврдената висина на минималната плата на национално ниво.

**Член 12**

Во рамки на 40-часовна работна недела, наставниот и истражувачкиот кадар врши:

а) **Научноистражувачка и применувачка дејност:**

- изработка на предлози и реализација на научноистражувачки и применувачки (апликативни) проекти;
- учество на научни и стручни собири во земјата и во странство;
- изработка и издавање на научни и стручни трудови, учебници, книги, скрипти, прирачници и сл.;
- изведување на применувачка дејност по основ на јавни овласувања од областа на земјоделството;
- лабораториски анализи.

б) **Научно и стручно усовршување:**

- перманентно теоретско и практично усовршување, обуки, мобилност и сл.;
- изградување на наставно научен подмладок;
- изработка на докторски дисертации (за соработниците).

**в )** **Наставни активности:**

- подготовка и изведување настава на втор циклус студии во рамки на Институтот (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава, консултации, оценување, завршни испити, индивидуална

работа со студенти: домашни работи, семинарски работи и сл.).

**г) Учество во работата и управувањето:**

- учествување во работата на органите на Институтот.

**Член 13**

Работното време на работниците од редот на стручен и административен кадар се остварува во петдневна работна недела.

*Висина на основната плата*

**Член 14**

Коефициентот на сложеност на работните места за утврдување на основната бруто плата на вработените се утврдува како што следува:

| Група на сложеност | Работно место | Коефициент на сложеност | |
|---|---|---|---|
| Наставен кадар | | 1.9.2021 | 1.9.2022 |
| А-категорија | Редовен професор/научен советник | 2,75 | 3,03 |
| | вонреден професор/виш научен соработник | 2,50 | 2,75 |
| | Доцент/научен соработник | 2,32 | 2,55 |
| В-категорија | Асистент со докторат | 1,80 | 1,98 |
| | Асистент | 1,78 | 1,96 |
| Г-категорија – друг соработнички кадар во високото образование | | | |
| | Виш лаборант | 1,78 | 1,96 |
| | Лаборант | 1,13 | 1,18 |

| Група на сложеност | Назив на работно место/звање | | | Коефициент на сложеност | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ненаставен кадар | ниво | ектс | 1.9.2021 | 1.9.2022 |
| А-категорија | | | | | |
| | Секретар на Институтот | А02 | 240 | 1,86 | 2,15 |
| Б-категорија | Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | Б04 | 240 | 1,63 | 1,70 |
| | Раководител на Одделението за општи и правни работи | Б04 | 240 | 1,63 | 1,70 |
| В-категорија | Советник за библиотечно работење | В01 | 240 | 1,62 | 1,68 |
| | Виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење | В02 | 180 | 1,61 | 1,63 |
| | Помлад соработник за човечки ресурси | В04 | 180 | 1,59 | 1,61 |
| Г-категорија | Благајник | Г01 | сс/виша | 1,13 | 1,18 |
| | Помлад референт – архивар | Г04 | сс/виша | 1,10 | 1,15 |
| | Хаусмајстор | Г01 | | 1,05 | 1,10 |

По истекот на Колективниот договор, а до склучувањето на нов колективен договор, коефициентот на сложеност на работните места за пресметување на основната бруто плата на вработените во Институтот е еднаков на коефициентот утврден за пресметка од 1 септември 2022 година.

*2. Дел од плата за работна успешност*

**Член 15**

Основната бруто плата на работникот по основ на работна успешност и покажани резултати во текот на месецот, може да се зголеми до 30 %

Висината на средствата за делот на плата за работна успешност се исплатува од сопствени приходи.

Дел од плата за работна успешност се исплаќа за:

- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- зголемен обем на работни задачи;
- предвремено и квалитетно извршување на работните обврски.

***Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност***

**Член 16**

За вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот се смета работните задачи да се извршени во обем поголем од 20 % од обемот што претставува просечен работен учинок; задачите да се извршени со поголема креативност и самоиницијативност од вообичаената.

Зголемен обем на работа се исплаќа доколку вработениот, покрај работите од своето работно место, извршува неопходни работи од друго работно место, во случај кога заменува отсутен работник или врши работни задачи од непополнето работно место.

Предвремено и квалитетно извршување на работите се исплаќа во исклучителни ситуации, врз основа на одлука за еднократен надомест за предвремено и квалитетно извршување на задачите.

Решение, во смисла на претходниот став од овој член, донесува директорот, по предлог на секретарот, како и раководителите на одделенијата.

***Додатоци и надоместоци од плата***

*Функционален додаток на плата*

**Член 17**

За извршување на раководната функција директор, се утврдува функционален додаток на плата во износ од 58 % од бруто плата на редовен професор.

За извршување на раководната функција заменик-директор, се утврдува функционален додаток на плата во износ од 30 % од бруто плата на редовен професор.

За раководење со одделенијата се утврдува додаток на плата во износ од 14 % од бруто плата на редовен професор.

Износот на функционалните додатоци од став 1, став 2 и став 3 од овој член се исплатува од средства од Министерството за образование и наука од започнувањето на извршувањето на функцијата, па сè до нејзиното престанување.

**Други додатоци и надоместоци на плата**

*Надоместок за службено патување*

**Член 18**

Вработените лица имаат право на надоместок за службено патување согласно со закон и Колективниот договор во рамки на предвидените средства за таа намена.

***Додаток за прекувремена и ноќна работа и изложеност на ризик***

Вработените лица имаат право на додаток на основна бруто плата за прекувремена работа, ноќна работа, работа во денови на празници и неработни денови, согласно со закон и Колективниот договор. Средствата за овие додатоци се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

**Надоместоци од плата и надоместоци на трошоци поврзани со плата**

**Член 19**

Вработените лица имаат право на надоместоци на трошоци за:

- одвоен живот од семејството;
- во случај на смрт на вработеното лице или смрт на член на потесното семејство на вработеното лице и за непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- за остварување на правото на отпремнина за заминување во пензија.

**Член 20**

Вработените лица имаат право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60 % од просечната месечна бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата.

Исплатата на регресот се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи, врз претходно донесена одлука на Институтската управа.

**Член 21**

Вработените лица имаат право на надомест за јубилејни награди согласно со закон и со Колективниот договор, за што одлука донесува Институтската управа.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи.

## III. НАДОМЕСТОЦИ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ

*1. Наставен кадар*

**Член 22**

На наставно-научните работници и соработници на Институтот им се исплатува надомест за вршење на работи и задачи за:

– втор циклус студии
– учество во рецензентска комисија за избор во звање и издавачка дејност;
– учество во работа на комисии, работни групи, тела и сл.;
– активности во реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и сл.;
– реализација на научноистражувачки проекти;
– реализација на применувачка дејност врз основа на договорни стручни услуги;
– изведување на настава на други факултети и научни институти при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

*Учество во активност на втор циклус студии*

**Член 23**

На менторот, за раководење со работата на кандидатот за изработка на магистерски труд му се определуваат ................. 150 бода.

За учество во комисија за оцена и одбрана на магистерски труд, на членовите на комисијата им припаѓаат по ................ 150 бода.

**Член 24**

Исплатата на надоместокот за раководење со вториот циклус студии на Институтот се врши доколку студиската програма брои 5 или повеќе студенти, на следниов начин:

– раководител на колегиум – 50 бода;
– раководител на студиска програма –50 бо.

*Учество во рецензентска комисија за избор во звање и издавачка дејност*

**Член 25**

За учество во рецензентска комисија и уредник на издание се исплаќа надоместок за:

- рецензент на учебник 60 бода
- рецензент на учебно помагало 40 бода
- уредник на издание 50 бода
- рецензент за избор во звање 30 бода.

*Учество во работа на комисии, работни групи, тела и сл.*

**Член 26**

На членовите на комисии, работни групи, тела и сл., формирани од орган на Институтот, за изготвување на нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали и други активности, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работни задачи.

Членови на комисија, работна група, тело и сл. можат да бидат од редот на наставно-научниот и соработничкиот кадар, лица од Стручната и административна служба, како и надворешни лица.

Обемот и степенот на сложеност се утврдуваат од органот кој формирал комисија, работна група, тело и сл., во одлуката за формирање.

На член на комисија, работна група, тело и сл., во зависност од обемот и степенот на сложеност, му се исплаќа:

- за стручно-аналитички работи (студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми, нормативни акти, експертизи, анализи, монографии и сл.), од 50 до 150 бода;
- за реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и сл., од 30 до 100 бода;
- за помошни и технички работи, од 20 до 50 бода.

Решение за учество на лицата во извршувањето на работите од став 1 на овој член донесува директорот.

*Активности за реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и сл.*

**Член 27**

Приходите остварени по основ на активности во реализација на курсеви, семинари и симпозиуми, перманентно образование и сл., се распределуваат со одлука на директорот според критериуми утврдени во член 26 од оваа Одлука.

*Реализација на научноистражувачки проекти*

**Член 28**

За учество во реализација на научноистра-жувачки проекти се исплаќа надомест во рамките на остварените приходи од овие проекти,

согласно со Одлуката за стекнување и рапределување на вкупниот приход на Институтот. Решение за исплата донесува директорот, врз основа на предлог на раководителот на проектот, согласно со финансискиот план на проектот.

*Реализација на применувачка дејност врз основа на договорни стручни услуги*

**Член 29**

Од средствата добиени со реализирана применувачка дејност и други договорни стручни услуги, на ангажираните лица им се исплаќа надоместок во зависност од обемот и степенот на сложеност на услугата во висина:

- 200 – 1500 бода, за учество во изготвување на елаборати, стратегии, програми за технологија на земјоделско производство, програми за заштита на земјоделски растенија, програми за ѓубрење и препораки за исхрана на растенијата;
- 150 – 1200, за експертизи, вештачења и мислења;
- 100 – 1000 бода, за стручни совети, анализи на вина за дегустација и др.

*Исплата на надоместок за раководење лаборатории на Институтот*

**Член 30**

За раководење со акредитирана лабораторија се исплаќа месечен надоместок во износ од 100 бода. Исплатата на надоместокот се врши од средствата од применувачка дејност.

*Изведување на настава и вежби на други факултети и научни институти на Универзитетот и на други универзитети*

**Член 31**

Изведувањето настава и вежби на друга единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се регулира со договор склучен помеѓу Институтот и единиците на Универзитетот.

Надоместоците им се исплаќаат на лицата според обемот на реализираната настава и вежби.

**2. Ненаставен кадар – Стручна и административна служба**

**Член 32**

На вработените во Стручната и административна служба на Институтот им се исплатува надомест за вршење на дополнителни работи и работни задачи, кои не спаѓаат во описот на работното место, согласно со систематизацијата на Институтот.

Исплатата се врши по предлог на секретарот, за што решение донесува директорот во следниве износи:

- за група на сложеност А – до 200 бода месечно;
- за група на сложеност Б – до 150 бода месечно;
- за група на сложеност В – до 130 бода месечно;
- за група на сложеност Г – до 100 бода месечно.

**Член 33**

На вработените во Стручната и административна служба на Институтот им се исплатува надомест за вршење на работи и работни задачи за стручно, административно и техничко учество во извршувањето на работите од член 22, став 1, алинеја 3 (комисии, работни групи и тела) од оваа Одлука.

**3. Надоместоци за изведување на образовна дејност од страна на лица кои не се вработени на Институтот**

**Член 34**

На наставникот на кој му мирува работниот однос поради извршување на јавни функции за кои прима плата, на ангажиран наставник во насловно звање, на истакнат стручњак од практиката, како и на редовен професор на трет циклус студии, им се исплаќа надомест за одржан час настава, односно учество во наставата.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведувањето на наставата, одобрен од раководителот на соодветната организациона единица.

Висината на надоместот за еден час настава, односно вежби изнесува 20 бода.

**4 Средства за исплата на надоместоци**

**Член 35**

Исплатата по основите утврдени во член 22 на оваа Одлука се врши во рамките на остварените приходи.

Исплатата се врши откако од вкупните средства стекнати од соодветниот основ се изврши распределба по намени согласно со Одлуката за стекнување и распределба на приходите на Институтот.

Вредноста на бодот за исплата на надоместоци ја утврдува Институтската управа во зависност од расположливите средства.

**IV. Преодни и завршни одредби**

**Член 36**

За сè што не е предвидено во оваа Одлука се применуваат одредбите од законот, Колективниот договор, како и другите прописи и акти на Универзитетот и на Институтот кои ја регулираат оваа материја.

**Член 37**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Земјоделски институт – Скопје (Универзитетски гласник бр. 208/2012).

**Член 38**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Директор**
**Проф. д-р Виктор Ѓамовски, с.р.**